Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Државен архив на
Република Северна Македонија
Arkivi Shtetëror i
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Бр. - Nr 0201-1586/1
28.04.2022 година
Скопје - Shkup

ДРЖАВЕН АРХИВ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр._____
_____ 2022 год.
С К О П Ј Е

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници(Сл. Весник бр 27/14,199/14,48/15,154/15,5/16,142/16 и 11/18, 275/19 и 14/20 год.), директорот на Државниот архив на Република Северна Македонија донесува:

О Д Л У К А
за избор на кандидат по интерен оглас бр. 01/2022 год од 04.04.2022 год за унапредување на административе службеник

1 За извршител на работно место Советник за средување и обработка на архивски материјал во одделението за средување и обработка на архивски материјал-стар период, сектор за средување и обработка на архивски материјал во Државниот архив, и шифра на работно место УПР 0101В01000, се избира кандидатот **Рамис Јакупи.**

2. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од став 1 на ова одлука по завршувањето на постапката за избор и конечноста на одлуката.

О б р а з л о ж е н и е

На ден 04.04.2022 година, на интернет страницата на Државниот архив и на страницата на Агенцијата за администрација на Република Северна Македониоја беше објавен интерен оглас под бр.01/2022 год. за унапредување на административни службеници во Државниот архив на Република Северна Македонија

Со решение бр. 41-1485/1 од 13.04.2022 год.,беше формирана комисија за административна селекција, која ја спроведе постапката за селекција на кандидатите за унапредување на административните службеници.

Комисијата на ден 15.04.2022 год во 10 часот спроведе административна селекција на кандидатите а на ден 18.04.2002 во 13 часот беше спроведено и интервју по интерниот оглас бр 01/2022 година.

Врз основа на составените записници Записник за административна селекција за интерен оглас бр. 04-1522/1 од 18.04.2022 год., Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административн службеник заради спроведено интервју под бр 04-1522/2 од 20.04.2022 година, за работно место Советник за средување и обработка на архивски материјал-стар период во одделението за средување и обработка на архивски материјал-стар период, сектор за средување и обработка на архивски материјал во Државниот архив, директорот на Државниот архив на Република Северна Македонија извршн избор како во диспозитивот на ова одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение административниот службеник во рок од 8 дена има право да поднесе жалба пред Агенцијата за администрација.

ДИРЕКТОР,
Д-р Емил Крстески

Доставено до:
- Именуваниот
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Архива
-Сектор за финансии